**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.29**

**И.бр. 571/2025**

Заменик извршител Митко Ристовски во својство на заменик на Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот - ремитент Комерцијална Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030989254937 и ЕМБС 4065573 и седиште на ул.Васил Иљоски бр.3, засновано на извршната исправа Нотарски Акт – Изјава за уредување на права и обврски на потписници на меница ОДУ бр.820/21 од 22.10.2021 година на Нотар Методија Ристоски од Скопје, против должникот – трасант акцептант Друштво за промет и услуги ТПЛ ТОТАЛ ПОСТ ЛОГИСТИК ДООЕЛ с.Бразда – Чучер Сандево со ЕДБ 4080015550889 и ЕМБС 7028482 и седиште на Ул.20 бр.22, Бразда, Чучер Сандево, и должникот – емец авалист Владимир Пандев од Скопје со живеалиште на бул.Јане Сандански бр.12/4-6, за спроведување на извршување, на ден 06.04.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети и тоа:

1. ТМВ – марка: PEUGEOT, тип: BIPPER 1.4 HDI, година на производство: 2009 година, број на шасија: VF3AA8HSC84217287, со регистарски број: SK-8376-BR, бела боја, дизел, со сила на моторот од 50 KW, со вредност во износ од 258.300,00 денари и
2. ТМВ – марка: CITROEN, тип: BERLINGO, година на производство: 2007 година, број на шасија: VF7GBWJYB94308496, со регистарски број: SK-5609-BS, бела боја, дизел, со сила на моторот од 51 KW, со вредност во износ од 215.250,00 денари,

кои вредности претставуваат почетна цена за првото усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: Записник за попис и процена во корист на доверителот - ремитент Комерцијална Банка АД Скопје и Забелешка наместо попис во корист на доверителот - ремитент Стопанска Банка АД Скопје.

**Продажбата ќе се одржи на ден 21.04.2026 година во 11:00 часот во просториите на Извршител Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2.**

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и на веб страна на Комората на извршители на РСМ.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од почетната цена за јавното наддавање за предметот.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на трансакциска сметка бр.250010402320172 која се води на име на Извршител Игор Антевски од Скопје во Шпаркасе Банка АД Скопје, даночен број 5080021510736, најдоцна до 20.04.2026 година.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат по претходна најава кај извршителот.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

ЗА И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски
Заменик извршител
Митко Ристовски

X

Д.-на: должник – трасант акцептант
Должник – емец авалист
Доверител – ремитент Комерцијална Банка АД Скопје
Стопанска Банка АД Скопје

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот Основен суд, во рок од три дена од денот на прием на заклучокот, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.